# *КОН ПРВИОТ БРОЈ*

*Појавувањето на ново списание, дури и во овие помалку конвулзивни времиња, не може да се доживее поинаку освен како значаен културен настан. Се разбира, тоа може да се рече и за секоја новоиздадена книга. Па, сепак, периодиката, во овој поглед, има една специфика: таа е оној жив литерарен сегмент кој, низ еден континуитет, го регистрира пулсот на духовното живеење на една средина во неговата творечка полнота но, често, и во неговата изразена инсуфициенција.*

*За прв пат кај нас, во Македонија, тој и таков литерарен сегмент е збогатен и со едно списание од областа на социологијата. Издавањето на првиот број на „Социолошка ревија" е, во таа смисла, од посебно хронолошко значење. Особено со оглед на времето во кое тој се појавува, означено како време на изразени општествени промени, време кога социолошката мисла треба да ја покаже својата зрелост и покрај фактот што таа, на овие наши простори, не наидува, секогаш, на разбирање поради што ја нема и добиено својата вистинска потврда. Расправата за тоа зошто е тоа така ја оставаме, засега, за некоја друга пригода. Во овој миг би ја истакнале само надежта дека ова наше прво социолошко списание ќе си го најде местото во поширокиот културен и научен амбиент овозможувајќи и на јавноста еден понепосреден интелектуален контакт со социолошката наука и, оттука, и со она што е секогаш нејзина преокупација - општествената стварност.*

*Имајќи ја предвид токму таа стварност и прашањата што пред социологијата таа ги наметнува, овој број го посветуваме на темата „Културниот плурализам и општествената интеграција". Всушност, објавуваме дел од трудовите презентирани на меѓународниот научен собир кој, на истата тема, се одржа на почетокот на октомври 1994 година во Охрид. На собирот, кој беше организиран од страна на Здружението на социолозите на Република Македонија и Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, со свои трудови настапија и учесници од САД, Данска, Полска, Бугарија, Хрватска и Албанија. Од нив ги објавуваме оние кои, во меѓувреме, не беа објавени на друго место и кои од авторите беа подготвени за печатење.*

*Во списанието се поместени и други научни и стручни прилози. Би требало, меѓутоа, да се каже дека „Социолошка ревија“ дoпрва ќе ја оформува својата физиономија што, секако, ќе зависи и од авторската соработка што ја очекуваме во иднина. Замислата е таа соработка да биде воспоставена не само со сферата на науката, туку и многу пошироко - со сите оние социолози, и не само социолози, кои се непосредно вклучени во наставата во училиштата, во разните општествени институции и организации и сл.*

*Се надеваме дека со еден таков пристап ќе успееме во намерата не само, како што тоа обично се вели, да ја анимираме социолошката научна мисла кај нас, туку на таа мисла да ѝ го вратиме донекаде изгубеното достоинство и особено творечкиот ентузијазам кои, се чини, како сѐ повеќе да се повлекуваат пред налетот на житејското сфаќање на науката и на оние негови протагонисти за кои таа наука е средство а не цел.*

***Д-р Јован Корубин,***
***главен и одговорен уредник***